# РЕЗУЛТАТИ ОД ЈАВНИОТ ПОВИК ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ ПРЕКУ ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПОДДРШКА

# ПОДДРШКА НА СТАРТ-АП КОМПАНИИ

СТАРТАЈУВАЈ 2

| ИМЕ НА КОМПАНИЈА | ИМЕ НА ПРОЕКТ | ГРАД | ФИТР КОФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | СОПСТВЕНО ФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | ВКУПЕН БУЏЕТ (ЕУР) | КУС ОПИС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| АПМДД | ПАУЕРВЕАЛ | СКОПЈЕ | 26.800,00 | 5496,00 | 32.296,00 | Во рамките на проектот ќе се отвори производствен погон за изработка и склопување на PowerWheel - технологија наменета за патнички куфери и други слични производи кои користат тркалца и со која им обезбедува на корисниците да напојуваат електричен уред со енергија генериранаа со тркалање. Идејното решение е на студенти од Машински факултет-Скопје, а оваа старт-ап компанија е резултат на студентски натпревар во кој студентите ја имаа главната улога од самиот почеток па се до овој чекор на креирање на бизнис. |
| МОНОИ БИО | ОРГАНСКА КОЗМЕТИКА АЗНА | ПРИЛЕП | 25.524,00 | 4.510,00 | 30.034,00 | Проектот предвидува набавка на посебна машина за пресување со додатни модули, за производство на цврсти шампони, сапуни и др. цврсти 100% органски козметички производи базирани на магарешко млеко. Целта е развој на иновативни козметички производи кои не се произведуваат во Р. Северна Македонија и производи кои тешко се достапни на нашиот пазар, а за кои постои интерес кај купувачите. |

| ИМЕ НА КОМПАНИЈА | ИМЕ НА ПРОЕКТ | ГРАД | ФИТР КОФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | СОПСТВЕНО ФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | ВКУПЕН БУЏЕТ (ЕУР) | КУС ОПИС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ЕМ АГРИКОМ | БИО ЕМ КОРИСНИ МИКРООРГАНИЗМИ ЗА ЗБОГАТУВАЊЕ НА ПОЧВА И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ | НЕГОТИНО | 27.000,00 | 7.200,00 | 34.200,00 | Проектот предвидува развој на биопроизвод за прочистување на почвата и збогатување со корисни микроорганизми како и во индустриите за прочистување на отпад и отпадни води. Новитетот е креирање на производ кој ќе активира корисни бактерии ЕМ-1ТМ за добивање финален производ со помош на оригинална рецептура кој е нетоксичен, нехемиски синтетизиран и не е генетски модифициран. |
| БИЗИ ГРУП | DISPATCH ANT | СТРУГА | 29.360,00 | 5.400,00 | 34.760,00 | Компанијата ќе развива нови модули и надградба на целосната софтверска платформа за диспечерски центри. Оваа веб базирана апликација ќе ги дигитализира податоците од диспеч сегментот и ќе придонесе кон поголема ефикасност и брзина. Овој софтвер наменет за транспортната индустрија може да го користат компании кои се аутсорсираат услуги и во други земји, а веќе има интерес за користење на американскиот пазар. |
| ПИКСАЈЛ | АВТОМАТСКО ТАГИРАЊЕ-ПОДОБРУВАЊЕ ПРОЦЕСИ СО ПОДАТОЦИ ЗА ОНЛАЈН ПРОДАВНИЦИ СО ПОМОШ НА ВИ | ШТИП | 29.993,61 | 11.625,00 | 41.618,70 | Компанијата развива иновативна алатка за автоматско тагирање, што ќе им овозможи на онлајн продавниците да ги поедностават и оптимизираат своите процеси со податоци, и да ја зголемат стапката на ефикасност како и конверзија на пазарот. Новото решение ќе користи вештачка интелегенција, а е единствено кое нуди персонализиран пристап, голема база на податоци во вид на слики со високо ниво на точност, прецизно,брзо и релевантно тагирање на производи и брза обработка на податоците. Овој софтвер треба да придонесе онлајн продавниците да ја зголемат ефикасноста при тагирање што ќе им овозможи понатаму на клиентите побргу да го пронајдат својот омилем производ. Во моментов речиси 96% од онлајн продавниците имаат голем тек на податоци кои сега се тагираат мануелно, поради што е голем и процентот на грешки. |

| ИМЕ НА КОМПАНИЈА | ИМЕ НА ПРОЕКТ | ГРАД | ФИТР КОФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | СОПСТВЕНО ФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | ВКУПЕН БУЏЕТ (ЕУР) | КУС ОПИС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| КМГ ЛИВИНГ | МЕБЕЛ АДАПТИРАН ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ХЕНДИКЕП„ НИЕ СЕ ГРИЖИМЕ“ | СКОПЈЕ | 26.894,00 | 4.746,00 | 31.640 | Проектот предвидува воведување на производство на специјализирани парчиња мебел наменети за подобро функционираење во домот на лицата со физички нарушувања односно хендикеп. Станува збор за мини линија составена од маси, столици и друг мебел за специјализирани „простории“ за лица со посебни потреби. Овие производи ќе бидат прилагодливи по висина и агли олеснувајќи ги секојдневните активности за лица во инвалидска количка и лица со ограничена мобилност и стабилност. |
| СУНСМАРТ СОЛАРНИ СИСТЕМИ | ЗЕЛЕНИ РЕЦИКЛИРАЧКИ БАТЕРИИ ЗА КОМПЈУТЕРСКИ СИСТЕМИ | СКОПЈЕ | 30.000,00 | 5.300,00 | 35.300,00 | Проектот предвидува развој, набавка на мерна опрема, репро материјали за прототипи, сертифицирање и продажба на таканаречена “Зелена рециклирачка - батерија за компјутерски системи - Green Recycled – Batteries for PCs “ наменета за компјутерски апликации и пошироко при што значително се подобрува еколошката средина и се намалува ризикот од загадување на животната средина. Станува збор за иновативен производ од најнова технологија за складирање на енергија, согласно еколошките стандарди за рециклирање после експлатацијата, со што се зачувува средината од загадување од опасен отпад. |
| ИННОВИКС | СТОПИН | СКОПЈЕ | 30.000,00 | 5.600,00 | 35.600,00 | Компанијата ќе работи на развој на иновативен бежичен систем за индивидуализиран третман на хронична уринарна инконтиненција (неволно мокрење), со посебен акцент на превенција и стрес инконтиненцијата. УИ е чест здравствен проблем, кој може да се појави кај сите луѓе без разлика на возраста, полот или националноста, а овој систем е дизајниран за да ги превенира и правилно третира симптомите на УИ пред таа да напредува до точката каде се потребни поинвазивни третман. |

| ИМЕ НА КОМПАНИЈА | ИМЕ НА ПРОЕКТ | ГРАД | ФИТР КОФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | СОПСТВЕНО ФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | ВКУПЕН БУЏЕТ (ЕУР) | КУС ОПИС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ВАЈС ГРУП | ВАЛОРИЗАЦИЈА НА КОМИЊЕ И РАЗВОЈ НА МУЛТИФУНКЦИОНАЛЕН АДИТИВ ВО ПРЕХРАМБЕНАТА ИНДУСТРИЈА | СКОПЈЕ | 28.376,00 | 5.008,00 | 33.384,00 | Оваа компанија развива нов иновативен технолошки процес за преработка на вински отпад и истовремена екстракција на повеќе хранливи состојки од истиот со кои тој ќе се претвори во мултифункционален адитив за прехрамбената индустрија. Овој адитив од комиње ќе биде природен и поефтин, а ќе има и позитивен придонес врз животната средина со искористување на комињето кое завршува на депониите и има штетно влијание. |
| АИДЕА ЛАБ | ПЛАТФОРМА ЗА ХОЛИСТИЧКО И МОБИЛНО МОНИТОРИРАЊЕ НА ЗДРАВЈЕ И ОДНЕСУВАЊЕ СО ПОМОШ НА ВЕШТАЧКА ИНТЕЛЕГЕНЦИЈА mAIhealth | СКОПЈЕ | 27.900,00 | 4.950,00 | 32.850,00 | Платформата ќе овозможи развој на алгоритми за холистичко мобилно мониторирање на човековото здравје и однесување, вклучувајќи: препознавање на активности, проценка на потрошени калории, детектирање на пад, препознавање на возбуда, препознавање на стрес, препознавање на емоции и анализа на спиење. mAIhealth со помош на вештачка интелигенција (ВИ) и машинско учење (МУ) со кои може да се трансформираат сензорски податоци од носливи уреди (паметни телефони, паметни очила, паметни часовници) ќе собира информации за здравјето и однесувањето на луѓето, и нивната физичка и физиолошка состојба. Платформата ќе биде модуларна и лесна за употреба, па ќе може да се прилагоди на различни задачи. |

| ИМЕ НА КОМПАНИЈА | ИМЕ НА ПРОЕКТ | ГРАД | ФИТР КОФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | СОПСТВЕНО ФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | ВКУПЕН БУЏЕТ (ЕУР) | КУС ОПИС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СИГМОИД | ОНЛАЈН ЕДУКАТИВНА ПЛАТФОРМА JetMinds | СКОПЈЕ | 25.248,00 | 4.455,00 | 29.703,00 | Целта на проектот е унапредување на платформата JetMind за учење математика наменета за ученици од основни и средни училишта, согласно фидбекот добиен од досегашните корисници. Се планира развој на интерактивни модули со користење на најиновативните концепти од специјализирани апликации како на пример Duolingo за јазици, Codecademy за информатика, како и апликации кои се користат во спорт, а истите ќе ги интегрираат во едно централизирано решение кое ја следи училишната програма. Исто така ќе се развие сегментот на гемификација за учење, и ќе се воведат елементи на игра и натпреварување во учењето. |
| ХОЈО ТЕК | HOYO.AI | СТРУГА | 29.900,00 | 18.000,00 | 47.900,00 | Проектот предвидува развој на софистициран софтвер базиран на машинско учење и вештачка интелегенција наменет за IoT продукти на оваа компанија меѓу кои се и "Паметен дом" и софтвер за менаџирање на возен парк. Истовремено решението ќе биде независно од платформата со отворени стандарди, што ќе овозможи таргетирање на нови потенцијални корисници и глобални IoT платформи за кои ќе биде достапен како посебен модул. Се предвидува и отворање на нови работни места. |

| ИМЕ НА КОМПАНИЈА | ИМЕ НА ПРОЕКТ | ГРАД | ФИТР КОФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | СОПСТВЕНО ФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | ВКУПЕН БУЏЕТ (ЕУР) | КУС ОПИС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| А2ОГЕНИКС | ИНТЕЛИГЕНТНО ЗЕМЈОДЕЛИЕ СО КОРИСТЕЊЕ НА IoT ТЕХНОЛОГИЈА | СКОПЈЕ | 30.000,00 | 5.200,00 | 34.530,00 | Проектот предвидува развој на систем за интелигентно управување на растително производство со користење на Интернет на нештата (Internet of Things –IoT) и техниките на учење базирани на вештачка интелигенција. Системот ке биде конструиран модуларно и ќе овозможува управување како на посеви на отворено, така и на заштитено производство (Стакленици и Indoor ). Централниот модул ке ги користи како влезни параметри податоците добиени од автономните метролошки станици, локалната временската прогноза, анализата на податоците добиени од снимање на посевите со мултиспектрални камери и експертското знаење на агрономите и ќе генерира управувачки секвенци кои меѓу другото ќе овозможат оптимално управување на температура, влага и CO2 кај заштитено производство, оптимално наводнување кај производство на отворено и рана предикција на болести базирана на методите на Вештачката интелигенција. |
| ТЕКСТИЛ СОЛУШН | ВОВЕДУВАЊЕ НА НОВА ТЕХНОЛОГИЈА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА СПЕЦИФИЧНА ЗАШТИТНА ОБЛЕКА | СКОПЈЕ | 30.000,00 | 7.318,83 | 37.318,83 | Компанијата планира воведување на иновативна технологија – таканаречена "шврајс технологија" за шиење за изработка на работни одела и заштитна работна облека. Со оваа технологија ќе може да се изработат заштитни одела кои штитат од секакви надворешни влијанија а се направени според меѓународни стандарди. Ова компанија е една од ретките во Европа која произведува специфична заштитна опема - водоотпорно и огноотпорно одело, и веќе има клиенти на европскиот пазар. |

| ИМЕ НА КОМПАНИЈА | ИМЕ НА ПРОЕКТ | ГРАД | ФИТР КОФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | СОПСТВЕНО ФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | ВКУПЕН БУЏЕТ (ЕУР) | КУС ОПИС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ФУТУРЕ ИННОВАТИОНС | ПОДАДИ РАКА | СКОПЈЕ | 29.965,00 | 6.950,00 | 36.915,00 | Компанијата развива миоелектрична протетичка рака, наменета за лица со ампутација и нејзино производство. Користејќи модерни производствени техники, нови ултра материјали и полимери ќе се произведе продукт кој е полесен и има геометрија која не може да се постигне со класичните методи на производство, а кој истовремено овозможува запазување на неопходните физички својства. Производот ќе биде со многу пониска цена од постоечките, што ќе го направи достапен за поголем број на луѓе на кои им е тешко достапен во моментов. |
| ТЕРМО-КИРЕ СОЛАР | МОДУЛАРЕН СОЛАРЕН СИСТЕМ КОЈ ДОГРЕВА ИЛИ ЛАДИ ПРОСТОРИИ И ГО ФИЛТРИРА ВОЗДУХОТ | БОСИЛОВО | 30.000,00 | 5.214,00 | 35.336,00 | Компанијата разви нов модуларен соларен систем кој догрева или лади простории и го филтрира воздухот. Ова решение помага во намалување на влагата и го прочистува воздухот во подруми, гаражи индустриски објекти, тоалетните простории, спортски сали, затворени базенти и други објекти, а се користи и за догревање или ладење. При инсталација не се нарушува постоечкиот систем за греење и ладење во објектот, производот е независен и работи без да се поврзи на електродистрибутивна мрежа, односно системот сам си обезбедува електрична енергија за свои потреби. |
| ЕЛИСИУМ ЦЕНТАР | ПАМЕТЕН МЕДИЦИНСКИ КРЕВЕТ „ИЛИН“ | СКОПЈЕ | 20.000,00 | 9.160,00 | 29.160,00 | Овој проект се состои во изработка на „паметен“ медицински кревет во кој меѓу другото ќе има вградено и дополнителни функции како автоматско вртење на пациентот на лево и на десно на секој два часа додека истиот спие, нешто што е препишано од лекарите и што е задолжително за неподвижни лица. Дополнителна функционалност е можност пациентот сам да управува со медицинскиот кревет преку мобилна апликација која може да се управува мануелно, само со помош на гласовни команди или само со помош на очи, за пациенти кој не се во можност да се движат или да зборуваат |

| ИМЕ НА КОМПАНИЈА | ИМЕ НА ПРОЕКТ | ГРАД | ФИТР КОФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | СОПСТВЕНО ФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | ВКУПЕН БУЏЕТ (ЕУР) | КУС ОПИС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ДРУШТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА, ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО -ЧОВЕК | ПРОИЗВОДСТВО НА МАЏУН, БОРОЦУН, МАЏУН СО ТААН - АЛТЕРНАТИВНА ЗАМЕНА ЗА БЕЛ ШЕЌЕР НА ПРИРОДНА БАЗА | с.ВАТАША (КАВАДАРЦИ) | 25.915,75 | 4.573,20 | 30.488,95 | Проектот предвидува усовршување, производство и промовирање на различни оригинални намази, чаеви и други производи од маџун, бороцун и таан - производи кои се поздрава и природна алтернативна замена за белиот (процесиран) шеќер, кој се повеќе се смета за штетен и искористување на нивните здравствени бенефити. Дополнително сите суровини ќе се набавуваат од домашните земјоделски производители. |
| БРЕНД СОЛУШН | ОНЛАЈН АСИСТЕНТ | СКОПЈЕ | 26.546,00 | 4.684,00 | 31.230,00 | Компанијата развива онлајн платформа за давање на и превземање на услуги, каде лица со хендикеп со свои знаења или претходна обука, како и користење на технологијата, ќе можат да се зачленат и да ги нудат своите услуги онлајн како виртуелни/онлајн асистенти и за тоа да бидат платени. На овој начин се решава еден голем проблем на светско ниво каде лицата со телесен хендикеп (лица во количка, слепи лица, глувонеми, лица со церебрална парализа итн) ќе можат да работат од својот дом и притоа да не се соочуваат отежнатото пристигнување на работното место или пак неможноста тие да напредуваат по вертикална линија во компанијата само затоа што имаат хендикеп. |
| АИГА | LETTERS THE GAME | СКОПЈЕ | 25.524,00 | 4.790,00 | 31.640,00 | "Letters the Game - е иновативна мобилна апликација/игра за учење на англиската абецеда и јазик, за деца од 3-7 годишна возраст. Играта освен едукативниот елемент, интегрира и приказна, забава, загатки, акција и авантура за децата. " |

| ИМЕ НА КОМПАНИЈА | ИМЕ НА ПРОЕКТ | ГРАД | ФИТР КОФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | СОПСТВЕНО ФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | ВКУПЕН БУЏЕТ (ЕУР) | КУС ОПИС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СМАРТ КАПИТАЛ | АГРО ДРОН СЕРВИС | КАВАДАРЦИ | 29.000,00 | 10.000,00 | 39.000,00 | Проектот предвидува набавка на опрема за тестирање на софтвер со цел воспоставување различни услуги за земјоделски дронови. Со ова ќе се воведат прецизни земјоделски услуги, специфично управување со земјоделски култури, автономно земјоделство преку користење на беспилотни дронови. Главната услуга ќе вклучува прскање на земјоделските култури со помош на дронови , надзор и мапирање како и обработка на податоците од воздушниот надзор на културите. |
| МЕЏИКС | ВИРТУЕЛЕН АСИСТЕНТ ЗА ФИНАНСИСКИ ИНСТИТУЦИИ | СКОПЈЕ | 30.000,00 | 7.300,00 | 37.300,00 | Виртуелниот асистент за финансиски институции е алатка за унапредување на процесот на дигитална трансформација и "разговорното банкарство" со цел да ги задоволат барањата на своите клинети. Преку користење на најнови техники и алгоритми на Машинско Учење (МУ) и Вештачка Интелегенција (ВИ), за разбирање на природни јазици, особено во услови на повеќе јазици овој асистент ќе им помогне да одговорат на природен јазик, на повеќе азбуки, на сите платформи што им е потребно и сето тоа непрекинато 24 часа 7 дена во неделата. За разлика од моменталните канали на комуникација, каде корисниците не се задоволни чекајќи одговор на телефонските услуги, со тешкотии ги пребаруваат веб страните или мора да чекаат ред во филијалите, со виртуелниот асистент тие едноставно ќе можат да напишат прашање, да ги платат сметките, да пресметаат кредит или да го проверат својот извод на сметка. |

| ИМЕ НА КОМПАНИЈА | ИМЕ НА ПРОЕКТ | ГРАД | ФИТР КОФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | СОПСТВЕНО ФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | ВКУПЕН БУЏЕТ (ЕУР) | КУС ОПИС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ДРУШТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ИНЖЕНЕРИНГ СОЛС | СолЕКС - СТУДИО ЗА ПРОТОТИПИ СО ВИРТУЕЛНА РЕАЛНОСТ И 3Д МОДЕЛИ ЗА ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА | СКОПЈЕ | 30.000,00 | 24.300,00 | 54.300,00 | Проектот предвидува развој на софтверско решение за текстилни компании и воедно овозможување на дигитални услуги, како 3Д моделирање на облека, креирање на дигитални модни колекции и дигитализирање на шаблони за изработка на облека. Дополнително компанијата ќе работи на развој на VR софтвер, развој и интеграција на 3Д презентации, развој на процесот за изработка на текстилни примероци. СОЛС е специјализирана во развој на технолошки решенија во модната и текстилната индустрија (на англиски Fash-Tech), специфична niche гранка со огромен потенцијал, како на домашниот пазар, така и во странство. |
| КОНТРОЛ ЦЕРТ | СП КОНТРОЛ (SPC-SMART PRODUCTION CONTROL) | СКОПЈЕ | 29.960,00 | 5.500,00 | 35.460,00 | Софтверот за контрола на фабричко производство на градежните производи ќе биде веб базирано решение и ќе претставува збир на процеси преку кои што се врши следење и анализа на фабричкото производство на бетон и агрегати. Корисникот ќе има пристап до сите процеси, процедури, работни упатства обрасци и записи кои што се нормативни согласно стандардот кој производителот го користи. Една од клучните предности на софтверот е автоматската обработка на резултати од извршени испитувања на производот согласно кој изработува детални, дневни, месечни и годишни извештаи кои што производителите без софтверот мораат рачно да ги изработуваат поради што губат време, финансии и ресурси. Софтверот ќе го алармира корисникот за секоја критична промена во квалитетот на производите и за нивната усогласеност со стандардите согласно кои се сертифицирани, но исто така ќе служи и како водич по принцип чекор по чекор во системот за контрола на фабричко производство што ќе доведе до максимална усогласеност на производот со релевантниот стандард. |

| ИМЕ НА КОМПАНИЈА | ИМЕ НА ПРОЕКТ | ГРАД | ФИТР КОФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | СОПСТВЕНО ФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | ВКУПЕН БУЏЕТ (ЕУР) | КУС ОПИС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ИТТЕХ-СИСТЕМИ | АВТОМАТСКИ МИКРОКОНТРОЛНИ СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОЦЕСИ ВО ИНДУСТРИЈАТА | ВЕЛЕС | 24.454,50 | 4.135,00 | 28.770,00 | Проектот предвидува развој на иновативни решенија од областа на ИТ технологиите, развој на микроконтролни и сензорски мрежи како и на софтверски платформи за управување на различни процеси во индустријата и производството. За таа намена ќе се изврши набавка на опрема, микроконтролери, сервери, сензори и креирање на софтверски системи кои ќе имаат задача да управуваат со машини, да вршат детектирање и управување со опасни материи во воздухот и течноста во процесот на производство, мерење на цевоводи, безбедност на складирани гасови, безбедност при управување со машини и други автоматски процеси кои ќе влијаат врз подобрување на работната околина, подобрување на процесите за производство, заштита и безбедност при управување со машини и заштита на човековата околина. |
| АФИЛИАТЕС ПЕРФОРМ | INVISO HUB | | 26.945,00 | 4.755,00 | 31.700,00 | Компанијата работи на креирање на алатка која на едноставен начин, само со внесување на корисничко име и лозинка, самостојно, преку интерфејс за програмирање со апликации (API), ќе повлекува податоци од бројни канали и ќе создава автоматизирани извештаи кои се клучни за работењето на еден афилиет маркетинг бизнис. Со дополнително следење и прибирање на податоци од cookies, tracking ID и clickID, одлуките кои ќе ги носат купувачите ќе бидат за 50% попрецизни и ќе носат поголеми заработки, а конверзијата на клиенти ќе се зголемува двојно. |
| КАЛЧР ТЕХНОЛОЏИС | FLOW | СКОПЈЕ | 29.440,00 | 5.195,00 | 34.635,00 | FLOW е иновативна мобилна и веб апликација, чија главна цел е да обезбеди платформа преку која компаниите ќе можат да ја зголемат ангажираноста и добросостојбата на вработените. Клучните активности кои ќе доведат до остварување на главната цел се развивање на софтверска платформа, развивање и имплементирање на програма за тренинг на психолози и развивање на технологијата која ќе комбинира податоци од два различни модули со цел креирање на сеопфатни извештаи. |

| ИМЕ НА КОМПАНИЈА | ИМЕ НА ПРОЕКТ | ГРАД | ФИТР КОФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | СОПСТВЕНО ФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | ВКУПЕН БУЏЕТ (ЕУР) | КУС ОПИС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ИОН АРТ | ИНКУБАТОР ЗА КЛЕТОЧНО КУЛТИВИРАЊЕ НА ЕМБРИОНИ СО ПРИМЕНА НА МЕТОДАТА ЛИВИБ КРИСТАЛ | ШТИП | 24.000,00 | 4.500,00 | 28.500,00 | Компанијата работи на изработка на прототип на инкубатор за клеточна култивација на ембриони со примена на иновативен метод за клеточна култивација Ливиб Кристал. Од ова протипно решение кое е иновација на компанијата, се очекува да излезе нов сериски производ кој ќе биде применлив во секоја лабораторија за ин витро фертилизација. |
| ЗАФИРОВ КЕТЕРИНГ | "TOUCH OF NATURE" | СКОПЈЕ | 22.200,00 | 5.000,00 | 27.200,00 | "Компанијата планира воведување на нова палета козметички производи од еколошки природни материјали и состојки кои се употребуваат во секојдневната исхрана. Производството на линијата „Touch of nature" ќе биде преку ладна сапунификација и користење на масла, а не хемикали и парабени туку целиот производствен процес е „eco-friendly", без штетно влијание за животната средина. Истовремено тие ќе бидат погодни за сите категотии на потрошувачи, особено оние со здрави животни навики вклучувајќи ги и лицата со осетлива кожа. |
| МЕЛСТЕК СОЛУШНС | УРБАНОН | НЕГОТИНО | 17040,8 | 3,007,20 | 20.048,00 | Кодно име:Урбанон е детективска игра во Виртуелна реалност со елементи на мистерија како и елементи на гејмификација на урбани митови и таа ќе биде трето продолжение на претходните игри Урбанон-Тајните документи и Урбанон – прирачник за агенти. Играчот е агент кој треба да истражува урбани легенди и да се справува со нив. Користејќи ги предностите на ВР играта буквално го става играчот во светот на урбаните легенди. Компанијата со овој проект ќе ја направи првата македонска ВР игра. |

| ИМЕ НА КОМПАНИЈА | ИМЕ НА ПРОЕКТ | ГРАД | ФИТР КОФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | СОПСТВЕНО ФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | ВКУПЕН БУЏЕТ (ЕУР) | КУС ОПИС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| КОМИТ | СМАРТ АГРИ ЛАБ | БИТОЛА | 30.000,00 | 5.920,00 | 35.920,00 | „ Smart Agri Lab" е прво паметно решение за неинвазивна и портабилна анализа на храната и проверка на нејзиниот квалитет, како и управување со бербата и процесите пост-бербата. |
| ЗЛАТНА ПЧЕЛА МА- ДООЕЛ | "ПРИМЕНА НА ИНОВАТИВНИ РЕШЕНИЈА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ПРОТОТИП ПРОИЗВОДИ СО МАТИЧЕН МЛЕЧ " | СКОПЈЕ | 29.880,00 | 6.120,00 | 36.000,00 | Проектот предвидува финализирање на иновативните решенија за создавање прототип на подобрени производи со матичен млеч во комбинација со витамини и минерали од програмата Златна пчела. Иновацијата на процесот се состои во лиофилизацијата на матичниот нативен млеч од смолеста преминува во прашкаста форма со истиснување на молекулите на вода (над 69% од составот) на ниски температури, во потполн вакум со што се обезбедува матичниот млеч да го задржи биоактивното дејство од 48 часа на полни 2 години. Со иновативниот технолошки процес лиофилизираниот матичен млеч ги задржува природните својства и биоактивното дејство за детоксикација, исхрана и регенерација на клетката на човечкиот организам. |
| СВАРОГ | РАЗВОЈ НА ПИЛОТ ЛИНИЈА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ШТАНЦ ТАБЛИ | Скопје | 29.725,40 | 7.142,60 | 36.868,00 | Проектот предвидува развој на пилот линија за производство на штанц табли - алатки кои најчесто се вградуваат во хидраулични машини –секачи. Тие ќе бидат од домашни производство според високи стандарди и квалитет. Примарна цел е производство на штанц табли кои ќе се користат за отсекување на текстил во автомобилската индустрија, но може да се користат и во сериско производство на автомобилски делови. |

| ИМЕ НА КОМПАНИЈА | ИМЕ НА ПРОЕКТ | ГРАД | ФИТР КОФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | СОПСТВЕНО ФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | ВКУПЕН БУЏЕТ (ЕУР) | КУС ОПИС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| МОДУЛАР ДИЗАЈН | МОДУЛАР | ПРИЛЕП | 29.940,00 | 6.000,00 | 35.940,00 | Со овој проект компанијата има за цел да развие нов концепт на градба и развој на иновативни пристапи во градежништвото преку креирање А МОДУЛАР-СТАНБЕН објект. Проектот Модулар е пилот производ, а се однесува на иновација на производ, услуга, процес и технологија. Главната иновација е што објектите ќе бидат преносливи, модуларни, ќе ја имаат иновацијата на смарт (паметна) технологија, и ќе бидат самоодржливи. Компанијата предвидува и отворање на најмалку десет работни места. |
| СИ-МАИНД | МИЛА АИ | СКОПЈЕ | 30.000,00 | 5.400,00 | 35.400,00 | Во рамките на проектот е предвидена надградба на актуелните технологии за вештачка интелигенција, со цел да се овозможи способност за постојано учење, да се „развијат" емоции и да се зголеми ефикасноста од минимум 70 патиповеќе во однос на методи на машинско учење кои денес се користат. Покрај тоа, ќе овозможи поедноставна имплементација на вештачката интелигенција. |
| ГОТЕХНИК | УНАПРЕДУВАЊЕ И ТЕСТИРАЊЕ НА СТЕПЕН НА ЕФИКАСНОСТ НА МАШИНИ ЗА ДРОБЕЊЕ | СКОПЈЕ | 18.254,18 | 3.221,33 | 21.475,51 | Компанијата работи на унапредување и тестирање на степенот на ефикасност на постоечки прототип – машина со контејнер за собирање и дробење на лозови и овоштарски гранки со цел подобрување на квалитетот на дробење на материјалот. Ваквиот начин на третирање на отпадот ќе придонесе до подобрување на социјално-еколошкиот ефект и економска придобивка од употреба на отпадот како енергенс(биомаса) која може да се доработи како материјал за пелети и брикети за греење, или директно да се користи за греење при автоматизираните системи за централно греење како за индустриски така и за индивидуални корисници, претставува потенцијална замена за пелетите. |

| ИМЕ НА КОМПАНИЈА | ИМЕ НА ПРОЕКТ | ГРАД | ФИТР КОФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | СОПСТВЕНО ФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | ВКУПЕН БУЏЕТ (ЕУР) | КУС ОПИС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| М Нет – ХД ДОО | Повеќенасочна дисперзирана ИПТВ мрежа | РОСОМАН | 23.152,00 | 4.088,00 | 27.240,00 | Проектот „Повеќенасочна дисперзирана ИПТВ мрежа“ предвидува креирање на бесплатна платформа преку која продуценти на аудиовизуелни дела од сферата на т.н. интернет медиуми ќе можат да соберат критична маса на аудиовидео материјал, кој ќе биде колажно распореден, филтриран и временски избалансиран да ги задоволува законските нормативи да биде емитуван како класичен телевизиски канал. Оваа мрежа која во основа ќе се пренесува преку интернет врски (ИПТВ), нема да биде централизирана, туку ќе храни со видео материјали од повеќе локации, материјалите ќе се обработуваат од повеќе локации, но и ќе се емитува од повеќе локации. Програмата која ќе се емитува од секоја локација посебно (на пример, локации на емитување Штип, Скопје, Кочани, Виница), ќе бидат изменети и прилагодени за регионот за кој емитуваат. |
| ЕТС-АЛМ ДООЕЛ | "ДИЗАЈН НА ЛИНИЈА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА КАКАО ПАСТА" | ШТИП | 27.245,00 | 7.400,00 | 34.645,00 | Главна цел на проектот е поставување на линија за производство на какао паста (cocoaliquor) со капацитет од 100 килограми на час. Целиот процес ќе се спроведува со примена на иновативна технологија во специјална машина за фино мелење, мешање и машина за хомогенизација. Наместо челични кугли и тенки цилиндри кои се вообичаено се користат, во овие две машини ќе се употребат нажлебени конуси кои зрнцата какао насочено ќе ги водат во потесниот процеп помеѓу конусите што доведува до поквалитетно мелење и повисок квалитет на какао пастата. |
| ПРЕМИУМ ПРОТЕКТ | БЕЗБЕДНОСТА Е ВРВЕН ПРИОРИТЕТ | СКОПЈЕ | 23.315,40 | 4.785,00 | 28.100,40 | Проектот предвидува дизјан и изработка на прва македонска сертифицирана работна опрема за зголемена заштита на работниците согласно европски норми и регулативи. Ќе се изработува ЕСД антистатик опрема наменета е за работници кои работат со специфични машини каде електониката е високо застапена и постои можност за распрскување на запалливи искри. |

| ИМЕ НА КОМПАНИЈА | ИМЕ НА ПРОЕКТ | ГРАД | ФИТР КОФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | СОПСТВЕНО ФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | ВКУПЕН БУЏЕТ (ЕУР) | КУС ОПИС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ДРУШТВО ЗА ИЗВЕДУВАЧКА УМЕТНОСТ МКС АРТ | МАКЕДОНИСИМО | СКОПЈЕ | 25.415,00 | 4.485,00 | 29.900,00 | Проектот Македонисимо предвидува развој на мобилна апликација и веб страна со кој препознатливата специфична македонска народна музика ќе биде лесно достапна за крајните корисници. Проектот Македонисимо веќе има изработено 6 сплетови кои претставуваат музика од различно различни географски делови од нашата земја. Проектот Македонисимо има цел зачувување на македонската традиционална музика и култура. |
| АНТИВА ИНТ | ПРИМЕНА НА ХИБРИДНА ТЕХНОЛОГИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОТОТИПОВИ СО ПОМОШ НА РОБОТ | СКОПЈЕ | 23.077,50 | 4.072,50 | 27.150,00 | Проектот предвидува имплементација на иновативна хибридна технологија за изработка на прототипови и просторни модели од полиестран и метал со помош на робот. Со овој индустриски робот почетното парче суровина треба да има приближна форма на крајниот модел при што синхронизирано ќе се спроведуваат различни видови на машински обработки. Целта е да се обезбеди поголем квалитет за пократко време. |

| ИМЕ НА КОМПАНИЈА | ИМЕ НА ПРОЕКТ | ГРАД | ФИТР КОФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | СОПСТВЕНО ФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | ВКУПЕН БУЏЕТ (ЕУР) | КУС ОПИС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ДРУШТВО ЗА ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ ИНТЕРНЕШНЕЛ МЕИЛ ДЕЛИВЕРИ ИМД ДОО СКОПЈЕ | ЕКОЛОШКИ НАЈКРАТКА РУТА ЗА ДОСТАВА | КОЧАНИ | 29.719,00 | 9.906,00 | 39.625,00 | Главната цел на проектот е изработка на уникатно софтверско решение кое овозможува целосно исфрлање од употреба на печатени хартиени адресници (електронско водење евиденција) како и дефинирање на најбрз и најкраток начин на испорака. Самиот софтвер ќе овозможува и онлајн нарачка, а прави и алокација на транспортно средство елиминирајќи го човечкиот фактор за проценка. Компаративната предност е што во исто време прави точна калкулација каде ќе може да се прават испораки со велосипеди и електрични возила со што се заштедува време , ресурси како човечки така материјални и намалување на маргина на грешки и превиди. Се предвидува и отворање на нови работни места. |
| ЛОНДИВА | " ЕКОЛОШКА МАСКА ЗА ЗАШТИТА ОД ВИРУСИ ЗА ПОВЕЌЕКРАТНА НАМЕНА " | Скопје | 27.500,00 | 6.602,00 | 34.102,00 | " Проекотот предвидува изработка на еколошка маска за заштита од вируси за повеќекратна намена. Маската ќе биде изработена од 100% еколошки материја. Компанијата веќе има изработено прототип кој ќе се финализира во рамките на овој проект. Превидено е и отворање на нови работни места. " |

| ИМЕ НА КОМПАНИЈА | ИМЕ НА ПРОЕКТ | ГРАД | ФИТР КОФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | СОПСТВЕНО ФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | ВКУПЕН БУЏЕТ (ЕУР) | КУС ОПИС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| АОКС ГРУП | "РАБОТНА ЖИВОТНА СРЕДИНА ЗА ПОДОБРЕНИ БИЗНИС ПЕРФОРМАНСИ, КАКО ВОДЕЊЕ НА РАЗГОВОРИ, ПОМОШ И ПРОМОЦИЈА ЗА ЛУЃЕТО СО СПЕЦИЈАЛНИ ПОТРЕБИ" | Илинден | 28.841,00 | 12.316,00 | 41.157,00 | Целта на проектот е комерцијализам на патентот „Развивање на идејата за помош на луге со специјални потреби врз база на угостителството. Во рамките на проектот ќе бидат имплементирани развој на софтвер и веб-страница. Проектот развива иновација на услуга, постапка (начин) за утврдување на организациска усогласеност во претпријатието, што се состои од истражување, посета на луѓе со специјални потреби , проценка на усогласеност, стратегија за промени во организациската култура и тренирање за усогласување на промени во организациската култура со формалниот дел од организацијата, (стратегии, политики и организациска структура), со крајна цел да се создаде опкружување за разговор и помош за луѓе со специјални потреби да им се олсни животот во услови какви што се во република Северна Македонија. |
| ОРЕНГС | ХОЛОЛЕА | Скопје | 29.505,00 | 5.365,00 | 34.870,00 | Овој проект е наменет за зголемена безбедност на пешаците во сообраќајот. Со помош на холограмски слики на зебрите кои ќе се појават во моментот кога семафорот ќе се вклучи на црвено ќе се предупредуваат возачите да застанат на семафор или на пешачките премини. Оренгс ќе развие иновативна архитектура за интегрирање на електронски компоненти и градење софтверско решение кое ќе го контролира холографскиот приказ. Проектот треба да придонесе кон зголемена безбедност на патиштата, преку подигнување на свеста и привлекување внимание на сите учесници во сообраќајот. |

| ИМЕ НА КОМПАНИЈА | ИМЕ НА ПРОЕКТ | ГРАД | ФИТР КОФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | СОПСТВЕНО ФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | ВКУПЕН БУЏЕТ (ЕУР) | КУС ОПИС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| МЕЛТОН РЕНТ | МИНИ СИТИ - МАКСИ РАЗВОЈ | СКОПЈЕ | 21.771,90 | 3.842,10 | 25.614,00 | Мини Сити е иновативен, модернистички тематски центар за деца до 12 години со едукативен карактер кој го користи методот на дидактичка игра предводен од професионалци. Програмата „Минисити" се спроведува во тематски центар во форма на мал град, како и на работилници, кои се одржуваат на настани. Во него, со помош на дидактичка игра, под водство на искусни аниматори, децата учат за различни професии и стекнуваат корисни вештини за секојдневниот живот. Тематскиот центар Мини Сити е составен од 12 катчиња (соби) чија намена и изглед ќе зависи од закупот за рекламен простор односно изработка на соба по желба на партнерот. |
| САЈТЕХ | Mony – Платформа за Инстант Плаќања и Трансакции | СКОПЈЕ | 27.065,00 | 5.300,00 | 32.365,00 | Главната цел на проектот е да овозможи на луѓето своите пари што ги имаат на сметките во банките да ги трошат во текот на 24-те часа од денот, 7 дена во неделата, без притоа да зависат од банката или картичката, а во исто време другата страна што ги прима парите ќе може веднаш да располага со нив. Преку оваа платформа луѓето и трговците ( компаниите ) ќе можат да располагаат со своите пари на иновативен начин, различен од традиционалното банкарство. Инфраструктурата потребна за проектот е тестирана и веќе работи на американскиот пазар каде се врши скенирање и процесирање на американски чекови во платниот систем на САД. |

| ИМЕ НА КОМПАНИЈА | ИМЕ НА ПРОЕКТ | ГРАД | ФИТР КОФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | СОПСТВЕНО ФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | ВКУПЕН БУЏЕТ (ЕУР) | КУС ОПИС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| РАБОТА НА ВИСИНА | СЛОЖЕНИ ВИСИНСКИ АКТИВНОСТИ | ШТИП | 29.500,00 | 26.000,00 | 55.500,00 | Проектот предвидува иновација на услуги поврзани со работа на висина, како санација на олуци и кровни конструкции, монтажа на предаватели и санација на репетитори, монтирање рекламни платна, монтажа на објекти во непристапни предели и сл. Компанијата ќе нуди интегрирана услуга за секаков вид интервенција на висина, а ќе биде обучен и кадар според меѓународни стандарди. Со овој проект се превидува и отворање на нови работни места, како и зголемување на нивото на безбедност при работа на висина и намалување на ризикот од несакани падови и повреди на работници. |
| 19 МОТОРС М | ЕЛЕКТРИЧЕН МОПЕД | МАРИНО, ИЛИНДЕН | 29.497,00 | 5.270.00 | 34.767,00 | Главна цел на проектот е развој на функционален прототип на електричен мопед од македонско производство. Неговиот дизајн е иновација кај овој прототип бидејќи неговата возечка позиција ја имитира велосипедската што заедно со неговата мала маса овозможува удобност и едноставност за користење. Дополнително мопедот е опремен со багажен простор, интегрирана мобилна батерија која може да се користи за полнење и на други уреди. Исто така мопедот ќе може да се адаптира на барањата на клиентот, односно тој има можност да го прилагоди кон својот естетски вкус и потреби. |

| ИМЕ НА КОМПАНИЈА | ИМЕ НА ПРОЕКТ | ГРАД | ФИТР КОФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | СОПСТВЕНО ФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | ВКУПЕН БУЏЕТ (ЕУР) | КУС ОПИС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ЕЛЕМЕНТУМ | ИНОВАТИВЕН ЕКО КОМБО ТУШ | СОПИШТЕ | 29.889,00 | 6.561,00 | 36.450,00 | Главната цел со овој проект е унапредување на актуелниот дизајн во напреден прототим, кој ќе биде основа за развој на нов туш со вклучен механизам за гел за туширање и шампон. Исто така, производот ќе има паметен систем и еко-опција што ќе овозможи да се оптимизира протокот и потрошувачката на вода. Целокупниот концепт е одржлив и на долгорочна основа ќе придонесе кон зачувување на животната средина. Развој на новиот иновативен еко-туш и нов производствен погон за истиот се главни приоритети на компанијата. Предвидени се и нови вработувања. |
| ТРЕЕД | ЕКО 3Д ХОЛОГРАМ | Скопје | 30.000.00 | 7.740.00 | 37.740.00 | Компанијата ТрееД е основана од студенти на ФЕИТ кои развија нов начин на рекламирање преку 3Д холограм технологии, со кој истовремено активно се прочистува воздухот. Овој начин на рекламирање нуди подобра визуелизација и поатрактивна промоција на производите. Истовремено 3Д холограм проекторите во кои се вградени хепа филтри активно придонесуваат во прочистување на воздухот. Со првичните тестирања на Inno-Feit при Машинскиот Факултет во Скопје со модел реплика ефектот на чистење на воздухот успешно е докажан. Овој проект ја поставува основата за редизајнирање на маркетинг стратегиите на компаниите каде преку свои придобивки ќе носат придобивки и за општеството. |

| ИМЕ НА КОМПАНИЈА | ИМЕ НА ПРОЕКТ | ГРАД | ФИТР КОФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | СОПСТВЕНО ФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | ВКУПЕН БУЏЕТ (ЕУР) | КУС ОПИС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ИБИД АУКЦИИ | iBid АУКЦИИ | Кавадарци | 28.992.00 | 7.248.00 | 36.240.00 | Проектот предвидува иновативно бизнис решение за посредување на пазарот на купопродажба со користење на најсовремени информатички технологии. Оваа компанија развива специјална веб платформа за огласување и продажба на предмети од одредени категории преку онлајн аукции и пласирање на услуги до таргетираниот пазар преку соодветна маркетинг стратегија. Компанијата ќе ја пилотира платформата на пазарот за автомобили со комплетна услуга во процесот на купопродажба – од огласување и маркетинг, до тестирање и проверка, купопродажба и исплата. Целта е обединување на целиот пазар на територија на Р.С. Македонија, а се предвидува и отворање на нови работни места за информатичари особено во регионотот на Кавадарци. |
| БИНТЕРН | БИНТЕРН | Битола | 29.276.00 | 5.189.00 | 34.460.00 | Бинтерн претставува онлајн платформа која ги поврзува студентите и невработените со компаниите за пракса и вработување. Целта на овој проект е воведување на иновација во делот на веб услуги и начин на вработување преку посебен систем на пребарување, аплицирање, тестирање и избор на кандидатите. Платформата ќе се тестира на домашниот, а потоа ќе конкурира и на глобалниот пазар. Со помош на оваа платформа треба да се намали невработеноста кај младите лица и да се превенира одливот на мозоци од државата. |

| ИМЕ НА КОМПАНИЈА | ИМЕ НА ПРОЕКТ | ГРАД | ФИТР КОФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | СОПСТВЕНО ФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | ВКУПЕН БУЏЕТ (ЕУР) | КУС ОПИС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ТЕЈСТИ СОЛУТИОНС | МОБИЛНА ЕДИНИЦА ЗА ПРОДАЖБА НА КУРТОШ КОЛАЧ | Скопје | 28.710.00 | 5.600.00 | 34.310.00 | Целта на проектот е проширување и надградба на производство и продажба на традиционалниот унгарски "куртош –колач" кој веќе успешно се продава на домашниот пазар. Компанијата работи на развој на нов тип изменета нискокалорична верзија на колачот наменет за дијабетичари, а со цел поголема достапноста на производот, компанијата планира и набавка на мобилна единица (мини камионче) за продажба со цел да стане достапен до поголем број на потрошувачи. Компанијата предвидува и отворање на нови работни места. |
| АГРОДРАЈ | ФРУТГЕНИКС | Свети Николе | 28.870.00 | 11.350.00 | 40.220.00 | Проектот предвидува воведување на нов технолошки процес преку иновативна сушара базирана на користење на реверзна осмоза и соларна енергија. Целта е да се добијат нови видови на сушено овошје со подобрен квалитет и поблаг вкус. Оваа стартап компанија работи на преработка на овошје и зеленчук и откупува претежно од домашните производители. |
| МЕД ЛЕД СТУДИОС | АЛТЕР КАРПАТИЈАН | Скопје | 29.996.50 | 5.293,50 | 35.290.00 | Изработка на демо-верзија на видео игра - Алтер Карпатијан која се фокусира на акција, авантура и фантазија со уникатен извор на инспирација и нуди развој на настани генерирани од одлуките на играчот. Визуелната претстава на видео играта, во комбинација со способноста за донесување на ненаметнати одлуки ќе овозможи речиси неограничен степен на слобода кај играчот. Дополнително, со начинот на кој е поставена кај играчот ќе се развијат рефлексите, ќе се унапреди стратешкиот пристап кон решавање на проблем и ќе се отвори можност да се едуцираат за историјата |

| ИМЕ НА КОМПАНИЈА | ИМЕ НА ПРОЕКТ | ГРАД | ФИТР КОФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | СОПСТВЕНО ФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | ВКУПЕН БУЏЕТ (ЕУР) | КУС ОПИС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ЛЕМАКС ПАК | МОДЕРНИЗАЦИЈА НА СИСТЕМ ЗА ПАКУВАЊЕ | Струмица | 30.090.00 | 5.310.00 | 35.400.00 | Целта на овој проект е модернизација на системот за пакување со цел автоматизирање на производството на компанијата која произведува отворени и вентил вреќи и ќеси од натрон хартија во ролни и рециклирана натрон хартија, кои наоѓаат примена за пакување на производи од прехрамбената и градежната индустрија. Со ова ќе се зголеми квантитетот и квалитетот на производството, ќе се намалат производните трошоци по единица производ со што ќе се зголеми конкурентноста на пазарот. |
| ИНСТИТУТ ЗА ТЕХНИЧКО ИСПИТУВАЕЊЕ И БЕЗБЕДНОСЕН ИНЖЕНЕРИНГ | РАЗВОЈ НА НОВИ УСЛУГИ И МЕТОДОЛОГИЈА ПОВРЗАНИ СО МЕРЕЊА НА НЕЈОНИЗИРАЧКИ ЗРАЧЕЊА | Скопје | 26.325.00 | 6.500.00 | 32.825.00 | Главна цел на проектот е развој на нови услуги и методологија поврзани со мерења на нејонизирачки зрачење и воспоставување на функционална акредитирана лабораторија за вршење на вакви мерења. Посебен фокус е мерење електромагнетни зрачење во две области: работна и животна средина. Пошироката цел е да се придонесе кон заштита на работници при работа кои се изложени на зголемено електромагнетно зрачење кое е штетно за здравјето, и заштита на животната средина. Истовремено компанијата ќе прави и обуки на кадар кој ќе ги спроведува мерењата. |

| ИМЕ НА КОМПАНИЈА | ИМЕ НА ПРОЕКТ | ГРАД | ФИТР КОФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | СОПСТВЕНО ФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | ВКУПЕН БУЏЕТ (ЕУР) | КУС ОПИС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ЕКОМАР КОМПАНИ | СЕЛЕКТИРАЈ ОТПАД | Валандово | 29.945.17 | 5.284.44 | 35.229.61 | Компанијата развива апликација за интегриран систем на селектирање и собирање таргетиран отпад (пластика,стакло,хартија и сл.) која ќе придонесе во олеснување на процесот на собирање и селектирање отпад од колективниот собирач (Пакомак) од една страна и ќе ги мотивира граѓаните за селекција на отпад од друга страна. Апликацијата ќе биде едноставна за користење. Корисникот добива информации каде може да подигне ќеса со баркод за одреден вид на отпад како и на кое место и во кои денови може да го исфрли, преку календарот на кој е означено кога колективниот собирач поминува на одредена адреса. За да се олесни процесот на следење, корисникот има и мапа на која може да се види движењето на колективниот собирач и во кое време ќе пристигне на одредена локација. Дополнително, со секоја предадена ќеса селектиран отпад корисникот добива поени со кои учествува во наградна игра. Апликацијата првично ќе биде развиена за сите домаќинства во С.Македонија, а потоа ќе се промовира и на регионалните пазари. Целта е поголема ефикасност во управување со отпадот и намалување на вкупната количина на отпад со што се придонесува и кон зголемена општествена одговорност за почиста животна средина. |

| ИМЕ НА КОМПАНИЈА | ИМЕ НА ПРОЕКТ | ГРАД | ФИТР КОФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | СОПСТВЕНО ФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | ВКУПЕН БУЏЕТ (ЕУР) | КУС ОПИС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| МОНОЛИТ ГРУП | VizzArc | Штип | 29.973.80 | 11.086.20 | 41.060.00 | Проектот VizzArc претставува детално разработен и конципиран процес на развој на нов производ – софтверско решение за примена на модерни технологии со цел визуелизација на идните градежни зафати во природни димензии. Целта на проектот е примена на очила за виртуелна реалност во областа на градежништвото и архитектонското проектирање, како и примена на ВР во инженеринг и градежни апликации. Овој проект нуди уникатно искористување на интегриран производ од услуга и технологија со искористување на достапна постоечка хардверска технологија. На овој начин би се забрзале и подобриле процесите на обработка и аналитика на податоци во реално време и нивна интеграција во градежните планови што ќе придонесе кон поефективно, олеснето и поефикасно работење. Со овој проект компанијата нуди метод за поедноставување и делумно автоматизирање на процесот на повторна употреба на дигитални градежни модели кои веќе се користат во градежништвото за да се создадат виртуелни сцени наместо да се прави паралелно создавање на содржини за визуелизација. |
| ДМГ ТЕКСТИЛ | DMG CREATIVE T-SHIRTS | Штип | 30.000.00 | 16.830.00 | 46.830.00 | Проектот предвидува воведување иновативна автоматизирана технологија за текстилно производство и развој на нов бренд – DMG Creative T-shirts. Целта е да се постигне поголема искористеност на репроматеријали, поефикасно производство, зголемен квалитет и поголема конкурентност што ќе овозможи пробив на регионалните и меѓународните пазари. Според анализите со оваа технологија производството ќе се зголеми до 50% во однос на сегашниот капацитет, а ќе се намали потрошувачката на електрична енергија. |

| ИМЕ НА КОМПАНИЈА | ИМЕ НА ПРОЕКТ | ГРАД | ФИТР КОФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | СОПСТВЕНО ФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | ВКУПЕН БУЏЕТ (ЕУР) | КУС ОПИС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ДОБРИ ДЕЦА ДООЕЛ | ДОБРА “ХРАНА“ ЗА ДОБРИ ДЕЦА | Скопје | 29.940.00 | 5.760.00 | 35.700.00 | "Во рамките на проектот мобилна апликација ДОБРА “ХРАНА“ ЗА ДОБРИ ДЕЦА ќе се креира апликација која ќе помогне во воспитниот процес на децата за негување на основните човекови вредности. Таа ќе биде едноставна за користење, финансиски достапна за секој родител и интересна за децата. Секој родител ќе може да ја користи платформата преку мобилен или таблет за да работи на развивање на одредена човечка вредност кај своето дете. Во првата фаза се одбрани 8 главни, најчести предизвици кај децата меѓу кои - булинг, ниска самодоверба, мрзливост, себичност - за кои се направени дигитални содржини и едукативни игри со кои ќе им се помогне да го надминат. Главната цел на проектот е да им се помогне на родителите и на градинките и училиштата во воспитно-образовниот процес, но воедно и да се трансформираат мобилниот и таблетот од забавни но негативни актери во животот на дечињата во забавни и едукативни “дадилки“. |
| ИНДОР ГАРДЕН | ОДДРЖЛИВ МОДЕЛ НА ПРОИЗВОДСТВО ОД РЕЦИКЛИРАНА ПЛАСТИКА - GO GREEN GARDENS | Скопје | 25.120.00 | 4.680.00 | 34.430.00 | Изработка на садови за во двор и градина од рециклирана пластика со примена на иновативна технологија во преработка и креирање на нов бренд производи – Go Green Gardens. Овие производи ќе бидат и со конкурентна цена, а истите ќе се продаваат преку интернет продавницата која компанијата ќе ја отвори за продажба на новата колекција садови за градина. Овој проект ќе придонесе и кон намалување на отпадот од пластика и негово рециклирање. Целта на рециклирањето е да се намали користење на нови суровини и да се создаде т.н “циркуларна економија“ каде отпадот ќе биде ресурс, а не финален производ што придонесува кон заштита на животната средина. |

| ИМЕ НА КОМПАНИЈА | ИМЕ НА ПРОЕКТ | ГРАД | ФИТР КОФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | СОПСТВЕНО ФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | ВКУПЕН БУЏЕТ (ЕУР) | КУС ОПИС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СИНВИР ПРОЕКТ | ПРОЕКТИРАЊЕ НА ИНТЕЛЕГЕНТНИ ДАЛЕКОВОДИ | с.Белчишта, Дебрце | 14.500.00 | 6.000.00 | 20.500.00 | Овој проект предвидува нов начин на 3D проектирање на дановоди со висок квалитет и прецизност. Овие далноводи ќе бидат со интегрирани интелегнетни алатки за анализа, графички приказ, одредување на зрачењето на далноводите и влијанието на животната средина. Истовремено компанијата ќе стане поконкурентна и поефикасна на пазарот во земјава и во странство, особено поради растечкиот тренд во оваа област надворешни странски копмании да проектираат во С.Македонија. Компанијата очекува дека овој проект ќе придонесе кон поквалитена изработка на проекти согласно европските и светските стандарди и барањата на инвеститорите, а тие ќе вложат и во обука на нови електро инжинери кои подоцна би ги вработиле. " |

| ИМЕ НА КОМПАНИЈА | ИМЕ НА ПРОЕКТ | ГРАД | ФИТР КОФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | СОПСТВЕНО ФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | ВКУПЕН БУЏЕТ (ЕУР) | КУС ОПИС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СМАРТ КОНЦЕПТ | КОНТЕЈНЕР ИЛИ КУТИЈАТА ШТО ГО СМЕНИ СВЕТОТ | Скопје | 30.000.00 | 5.294.00 | 35.294.00 | "Проектот предвидува индустриски дизајн на стар бродски контејнер и негова надоградба по модули, со стандардна големина, преобликување, надоградба и трансформација во уникатен, самоодржлив, енергетски ефикасен производ со високи естетски вредности, лесно пренослив и економски прифатлив. Со овој проект за редизајнирање на контејнер ќе може да се оформи простор со различна намена, финансиски достапен и мултифункционален. На пример, контејнер поставен во градско подрачје како времен објект за угостителство, но истовремено и простор за игротека, изложбен простор, простор за бизнис средби, за потреби на камп или трајно сместување-викенд населби. При тоа ќе се користат иновации во неконвенционални извори на енергија, енергетска ефикасност, нисконапонско напојување, интегриран систем за употреба на современа технологија и модуларност на решенијата.<br>Дополнително повторната употреба на веќе употребен контејнер како градежна единица ги решава проблемите на животната средина на отпад на челични контејнери и намален отпад на градежни материјали. |
| ФЛУИДСОФТ | СИНГУЛАРИТИ МДС | Прилеп | 29.375.00 | 5.190.00 | 34.565.00 | Главна цел на проектот е редизајн, проширување, тестирање, документација и комерцијализација на СИНГУЛАРИТИ МДС – софтвер за онлајн наплата и билинг систем за кабловски оператори. Надградбата на софтверот ќе вклучува нови услуги посебно наменети за корисничка поддршка на кабелските оператори како оддржување на нивните мрежи, дигитализација на корисничка комуникација и наплата, дијагностицирање на проблеми и нивно автоматско решавање. Ова подобрено решение ќе биде адаптирано на работата на кабловските оператори и со конкурентна цена. |

| ИМЕ НА КОМПАНИЈА | ИМЕ НА ПРОЕКТ | ГРАД | ФИТР КОФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | СОПСТВЕНО ФИНАНСИРАЊЕ (ЕУР) | ВКУПЕН БУЏЕТ (ЕУР) | КУС ОПИС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| НМ КОМ | КАНАТ | Скопје | 30.000.00 | 15.190.00 | 45.190.00 | Главна цел на проектот КАНАТ е воведување на иновативна автоматизирана технологија за производство на 6 коморни пвц и алуминиумски профили со која се овозможува производство на уникатни ПВЦ и алуминиумски врати и прозорци изработени со витраж и пескарени 4 сезонски стакла полнети со аргон. Новите производи ќе бидат со врвен квалитет според европски стандарди, а како резултат на иновативниот процес и користење на посебни репроматеријали, ќе бидат енергетски ефикасни преку заштеда на топлинска енергија, а ќе спречуваат и продор на УВ зраци во просторооите поради квалитетните четири сезонски стакла поленти со аргон кои се вградени во финалните производи. Со проектот се предвидува и отворање на нови работни места. Оваа компанија како општествено одговорна веќе вработува лица од маргинизираните групи кои ќе имаат предност при вработување на овој проект. |